## АПСТРАКТ

Денес во светот на бизнисот смислата за постоењето на деловниот субјект е тој да има долг рок. Пренесувањето на бизнисот од генерација на генерација е највозбудливото нешто што може да го доживее секој менаџер или сопственик. Тоа се случувало во историјата, се случува денес и ќе се случува во иднина. Одговорноста за трајниот опстанок на организацијата се должи на менаџментот, поради неговата важност за работењето, покривајќи ги сите функции во определен деловен ентитет, што претставува подрачје од посебен интерес во современата економска наука. Зголемениот интерес произлегува од општествениот карактер на менаџментот, со кој што се насочуваат одговорностите кон ефикасното извршување на целите, главно поради фактот што менаџментот е основна карактеристика на современото општество и доминантна институција, сè додека постои цивилизацијата.

Перформансите, односно целите на организацијата, често се сметаат како појдовна основа на ефикасниот менаџмент. Тие се основа на стратегиите, политиките и плановите. Перформансите можат да се однесуваат на профитот, растот на организацијата, ефикасноста, општествената одговорност, бројот на вработените, високата продуктивност, лидерството во организацијата итн. Целта на овој докторски труд е да се прикаже моменталната економска состојба на субјектите кои што користат модели за мерење на перформансите, политичката состојба и влијанието на политичката структура (доколку има судир на интереси), како и капацитетот на лобирање на менаџерската структура и идентификување на можните грешки на менаџерите.


**Клучни зборови:** контрола и споредба, менаџерски перформанси, награди за перформансите, организациска контрола, организациски цели, стандардизиран систем.

## ABSTRACT

Today in the business world, the sense of having a business entity is to have a long term business. The transfer of business from generation to generation is the most exciting thing you can experience as a manager or owner. It happened in history, it is happening today and will happen in the future. Responsibility for the permanent survival of the organization belongs to management because of its importance in the work, covering all functions in a business entity that represents the area of special interest in modern economic science. The increased interest stems from the social character of management, which direct responsibilities towards the effective implementation of the objectives, because of the fact that management is a major feature of modern society and the dominant institution, until there is civilization.

Performance or objectives of the organization are often regarded as the starting point of effective management. They are the basis of the strategies, policies and plans. Performance can relate to profits, the organization's growth, performance, social responsibility, number of employees, higher productivity, leadership in the organization, etc. The aim of this PhD thesis is to present the current state of economic entities that use models of performance measurements, and also to show the political situation and the impact of the political structure if there is a conflict of interest and lobbying capacity of the management structure and identify possible managers` errors.


**Keywords:** control and comparison, organizational control, organizational goals, performance management, standardized system, rewards for performance.